Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 02-1303/2
01-09-2022 2022 год.
СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 414-та седница одржана 31.08.2022 година, согласно член 45 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019), ја донесе следната

# О Д Л У К А

СЕ УТВРДУВА бројот на слободни судиски места за основните судови во Република Северна Македонија на 100 (сто), за IX-та (деветтата) генерација на кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители.

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 45 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот најдоцна до 31 март тековната година, со Одлука го утврдува бројот на слободни судиски места во Република Северна Македонија, земајќи ги предвид вкупниот број на слободни судиски места за судии во основните судови, како и проекција за потребите од местата кои ќе се пополнат по завршување на почетната обука.

Судскиот совет на РСМ на седницата одржана на 31.08.2022 година, согласно донесен заклучок со кој е констатирано дека проекцијата за потребите од местата кои ќе се пополнат по завршување на почетната обука не може со сигурност да се утврди поради идни и непредвидливи индикатори врз основа на кои е правена анализата и правото за измена на претходно донесената одлука, а по извршена анализа и проекции за слободни судиски места, одлучи согласно потребите да ја донесе оваа одлука.

Имајќи го предвид наведеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија одлучи како во изреката на оваа одлука.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Павлина Црвенковска**